# ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

## ЗА 2007 ГОДИНА

***Кратово , Февруари 2008 година***

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Основниот суд во Кратово согласно чл.28 ст.1 т.12 од Законот за судовите е основан како Основен суд за подрачјето на Општина Кратово.

Стварната надлежност на Основниот суд Кратово е определена според чл.30 ст.1 од Законот за судовите и стварната надлежност на Основниот суд Кратово е да суди за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до 5 години , а ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд да постапува за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност , да спроведува истраги и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност, да постапува за сите видови на прекршоци , освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на држана управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања , да постапува по жалби и приговри за постапките за кој е надлежен како Основен суд за основна надлежност .

Според чл.30 ст.2 од Законот за судовите Основниот суд Кратово како суд со основна надлежност има надлежност да одлучува во прв степен во граѓански спорови и тоа :за спорови во имотно правните и другите граѓанско правни односи на физички и правни лица чија вредност е до 15 000 Евра во денарска против вредност , до колку со закон не е предвидена надлежност на друг суд , за спорови за утврдување и оспорување на татковство , мајчинство , утврдување на постоење на брак , за поништување на брак и развод на брак , за законска издршка , за чување и воспитување на деца, за смеќавање на владение , за доживотна издршка , за надомест на штета која не надминува 15 000 Евра во денарска против вредност , во постапка за обезбедување или извршување , за работни односи , во спорови од наследно правно односи , во вонпарнични и оставински работи и за други работи утврди со закон .

Судот во своето работење ги извршува предвидените законски обврски и своите одлуки ги заснова врз основа на уставот , законот и меѓународните договори , ратификувани во согласност со уставот , исто така во своето работење ги спроведува начелните ставови и мислења со цел за правилна примена на правото за да ги заштитува човековите слободи и права , а се со цел со своето работење да постигне поголема ажурност и ефикасност во работата на судот .

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Основниот суд во Кратово во текот на извештајната 2007 година работеше со четворица судии од кои тројца судии и еден В.Д. претседател до 14.12.2007 година и тоа тројцата судии судат по сите области по три бројки а ВД Претседателот на судот судеше една бројка и ја обавуваше функцијата В.Д. Претседател на судот .

Со напомена дека според Одлуката за бројот на судиите во Основниот суд Кратово едно судиско место не е потполнето.

Во месец Декември 2007 година од 14.12.2007 година е избран по распишан оглас за Претседател на судот судијата Миле Стоименовски и функцијата на ВД Претседателот Николчо Симонов престана .

Во Основниот суд Кратово има вработено вкупно 25 вработени од кои 4 судии , 4 записничари , 3 административни работници , од кои 1 во кривичното одделение , 1 обавува функција благајник - домаќин и возач а 1 обавува функција сметководител -

книговодител и работи во оделот на граѓанско одделение по сите граѓански предмети , 4 полицајци , 7 курири ,2 стручни соработниици од кои 1 од месец Септември 2007 година замина на обука во Академијата за судии и обвинители кој работеше во кривичниот одел а додека стручниот соработник кој е во судот е исклучиво ангажиран во извршното одделение и работи на извршните предмети бидејки повеќе од 3 години извршителот е заминат во пензија а работното место не е потполнето и 1 хигиеничар .

Во извештајната 2007 година судиите и ВД Претседателот на судот работат според области , според распоредот за работа во судот и тоа ВД Претседателот на судот Николчо Симонов работеше по сите области на предметите кои завршуваат со бројот „ 0,, , судијата Миле Стоименовски работеше на граѓанските, кривични , прекршочни , вонпарнични , оставински и истражни предмети кои започнуват со броевите „ 4 , 5 и 6„ и извршните предмети со парен број , судијата Милчо Лазов работеше на кривични предмети, истраги , граѓански , прекршочни и оставински предмети кои започнуваа со броевите „ 7 ,8 и 9 „ , исто така судијата Надица Марковска работеше на граѓански предмети , вонпроцесни , оставински ,кривични , истраги , прекршочни предмети кои започнуваат со броевите „ 1 , 2 и 3 „ и извршни предмети со непарен број .

Исто така судиите работеа и постапуваа и по сите останати разни кривични предмети ,граѓански предмети според распоредот за работа и бројот.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Во извештајната 2007 година Основниот суд во Кратово по сите основи има примено во работа 2610 нови предмети и заедно со останатите од 2006 година 1951 нерешени предмети од претходната година вкупно во работа по сите основи има 4561 предмет и од овој вкупен број на нерешени предмети во текот на извештајната 2007 година решил 3583 предмети а на крајот на годината останале нерешени 978 предмети кое нешто е прикажано во Табеларниот преглед кој е составен дел на овој извештај така што го совладал бројот на заостанатите предмети од претходната година за 973 предмети .

## НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ - ПРИЛИВ

Во 2007 година во Основниот суд Кратово по сите основи се примени во работа 2610 нови предмети , а во споредба на претходната извештајна година кога судот имал примено поголем број на предмети и тоа 2741 предмети , што значи дека во текот на ова извештајна година овој суд има примено помалку 131 предмет во споредба со претходната година .

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупниот број на предмети 4561 што во овој суд ги има во работа во текот на извештајната 2007 година вкупно по сите основи решил 3 583 предмети , а во споредба со претходната година кога имал решено вкупно 2815 предмети од тука произлегува дека во ова година судот решил повеќе 768 предмети во споредба со претходната година кога во претходната година вкупно во работа имало 4766 предмети овде е забележување дека во текот на извештајната година од вкупен број на примени - решени предмети по сите основи приливот е совладан за 973 предмети .

**НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ**

На крајот од 2007 година во судот по сите основи останале нерешение 978 предмети , споредбено со претходната година кога судот имал нерешено 1951 предмет произлетува дека во ова година овој суд решил 973 предмети повеќе во споредба со претходната година .

**СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2007 година судот посвети посебно внимание на решавањето на старите предмети по сите области како кривични , граѓански , истраги , вонпарнични , оставински , прекршочни и извршни предмети така што на крајот од годината останаа незавршени вкупно 512 предмети.

Од овие вкупно 512 предмети што се водат како стари незавршени предмети од нив 495 отпаѓаат на стари извршни предмети од кои 280 извршни предмети се водат како незавршени од 2005 година , 95 предмети од 2004 година , 59 предмети од 2003 година , 30 предмети од 2002 година , 13 од 2001 година , 8 од 2000 година , 1 од 1999 година ,5 од 1998 година , 1 од 1997 година , 2 од 1996 година , и 1 од 1994 година .

А останатите стари предмети по другите области се намалени и се прикажани во Табеларниот преглед на стари нерешени предмети во Основен суд Кратово на 31.12.2007 година .

Така што поголемиот број на стари незавршени предмети отпаѓа на извршните предмети кои стари извршни предмети судот прави напори да ги изврши сите , но извршувањето оди отежнато поради лошата материјална и економска состојба на граѓаните , голем број од граѓаните од подрачјето на Основниот суд Кратово се без работа , поради пропаѓање на фирмите на подрачјето на судот од кои некои поради стечај а некои фирми поради спроведени структурални промени и поради прогласување на технолошки вишок на работниците доаѓа до нивно отпуштање од работа така да ова тешка материјална и економска ситуација не само на подрачјето на судот но и на подрачјето на другите судови се одразува врз работата на судот и на останатите судови во целина , кое нешто во голема мера допринесува до отежнато извршување на судските одлуки но и покрај сето ова судот прави напори и во иднина ќе даде приоритет за решавање на сите стари предмети по сите области а посебно на извршните предмети кои според овој извештај го прават најголемиот број на нерешени предмети во судот .

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ**

## -Кривичен одел -

## *Исшраги и извршни дејсшвија*

Во текот на 2007 година Основниот суд во Кратово во работа примил 19 нови истраги ,така да со останатите незавршени 8 истраги од претходната година вкупно во работа имал 27 истражни предмети , од кои во текот на 2007 година решил 19 истраги и на крајот на годината останале нерешени 8 истраги и истите овие незавршени истраги се земени во работа од кои некои чекаат вештачење и сите овие заостанати истражни предмети судот ќе настојува во најкраток можен рок бидат завршени .

Во текот на 2007 година судот има примено 28 истражни дејствија и заедно со останатите 4 од претходната година вкупно во ова година имал во работа 32 истражни

дејствија од кои 26 истражни дејствија се решение и на крајот на годината има останато незавршени 6 истражни дејствија кои се во тек на работа и истите ќе бидат решение во најкраток рок кое нешто е и прикажано во Табеларниот преглед .

## *-Кривични предмети –*

Во текот на 2007 година судот примил во работа 99 кривични преедмети за полнолетни лица за кој е надлежен и со останатите 17 кривични предмети од претходната година вкупно во работа имал 116 кривични предмети за полнолетни лица од кои во текот на годината решил 105 предмети а на крајот на годината останале нерешени 11 кривични предмети кои предмети се земени во работа и по истите постапката е во тек

Споредбено со претходната година во ова област судот имал примено и решено ист број на предмети но заостатокот е намален за 6 предмети во споредба со претходната година со што приливот на примени - решени предмети е совладен и намален за 6 предмети .

## **ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Во извештајната 2007 година во Основниот суд Кратово се примени во работа 876 нови предмети и заедно со останатите нерешени 420 предмети од претходната година судот вкупно во работа имал 1296 предмети а на крајотод годината останале нерешени 198 прекршочни предмети .

Споредбено со претходната година судот ова година има примено помалку 443 предмети , но го намали бројот на нерешени предмети во споредба со претходната година кога имало останато нерешени 420 предмети а сега во ова година има останато нерешени 198 прекршочни предмети со што е намален бројот на нерешените предмети за 222 предмети споредбено со претодната година така да во ова област приливот примени - решени предмети е совладан за 222 предмети .

## **ГРАЃАНСКИ ОДЕЛ**

## *- Граганскu предмети –*

Во извештајната 2007 година судот во Кратово примил во работа 248 граѓански предмети заедно со останатите нерешени 116 граѓански предмети од претходна година вкупно во работа имал 364 граѓански предмети од кои во текот на годината решил 283 предмети и останале нерешени 81 граѓански предмет така што во граѓанските предмети приливот примени -решени е совладан за 35 предмети .

Споредбено со претходната година кога на крајот на годината останале 116 нерешени предмети ова година има нерешени 81 предмет и бројот на примени - нерешени предмети по судија поединечно е прикажан во Табеларниот преглед на овој извештај .

## *-Вонпроцесни предмети-*

Вонпроцесни предмети во текот на 2007 година судот има примено 27 предмети и заедно со нерешените и останати 4 предмети од претходната година вкупно во работа ова година имал 31 вонпроцесен предмет од кои се решени 25 вонпроцесни предемети , на крајот на годината останале уште 6 нерешени вонпроцесни предмети кои се насрочени и во најкраток рок ќе бидат решение и овде имаме 2 предмети повеќе останати нерешени од претходната година како резултат што поголемиот прилив е дојден во месец Декември 2007 година.

## *-Оставински предмети –*

Во 2007 година во судот се примени 84 оставински предмети заедно со 14 незавршени оставински предмети од претходната година , вкупно во работа судот имал 98 оставински предмети од кои во текот на годината се завршени 77 предмети а на крајот на годината останале незвршени 21 предмет .

Споредбено со претходната година бројот на незавршените оставински предмети е зголемен за 78 што значи дека не е совладан приливот за 7 предмети но ова се должи на фактот што во судот немаме Водител на оставинско одделение , нема државен службеник за водење на овие предмети а стручниот соработник кој ги водеше овие предмети од месец Септември 2007 година замина на обука во Академијата за судии и обвинители .

## *- Извршни иредмеши –*

Во текот на 2007 година Основниот суд Кратово во работа имал 1069 предмети кои останале од претходната година од кои завршил 547 предмети а на крајот на годината останале незавршени 522 предмети .

Споредбено со претходната година судот успејал да го намали бројот на нерешени извршни предмети од 1069 на 522 кои предмети се во тек на работа и очекуваме во текот на ова година сите да бидат завршени .

Незавршените предмети во извештајната година во најголем број се предмети поднесени од ЈП Електродистрибуција Кратово поради неплатени сметки за електрична енергија , на Телеком за неплатени телефонски сметки.

При извршувањето на овие предмети како и на останатите кои се во помал број судот наидува на проблеми за тоа што должниците по овие предмети претежно се иселени од Кратово и се на привремена работа во странство и во други градови во РМ претежно во Скопје по барање за работа па на овие лица како должници тешко се утврдува нивната адреса на живеење односно престојување бидејки при заминувањето од Кратово во Органот за внатрешни работи не ја пријавиле адресата на живеалиште или престојувалиште , поради што се обраќаме до Органот за внатрешни работи да ни достават адреси на овие лица , при тоа во најголеми случаеви се случува Органот за внатрешни работи да ни ги достави истите адреси на живеење .

Понатаму како проблем во извршувањето се јавува тоа што во предлозите за присилно извршување доверителите доставуват неточни адреси на живеење на должниците кое нешто исто така допринесува да се одолговлекува извршувањето , понатаму има доста препреки кои се извршуват на рати поради невработеноста и слабата материјална и економска состојба на граѓаните кои во најголем број се отпуштени од работа на работници поради пропаѓање на и така малиот број на фирми на подрачјето на судот кои поради стечај или прогласување на голем број на работници за технолошки вишок останале без работа поради што не се во можност да си ги плаќат сметките за струја ,телефон и слично поради што и најголем предмети се поднесени за присилна наплата на овие долгови од Електродистрибуција и Телеком .

Преставува проблем и извршувањето во предметите каде доверител се јавува Телеком кој прави опструкција во извршувањето не ги враќа доставниците за врачени заклучоци , се појавува проблем при извршувањето со жива стока и наткупците на Општина Кратово ги избегнуват откупот на жива стока кога треба да се изврши попис, пленидба или продажба од причини што Општината е мала и луѓето се знајат меѓусебно и избегнуваат да откупуваат жива стока од извршување , а ист проблем и е со наткупци од други општини има проблеми бидејки поради одалеченоста на општините а малите износи на извршување не им се исплаќа да доаѓат поради големите трошоци за транспорт , утовар на живата стока .

Но и покрај сите овие проблеми кои го отежнуваат извршувањето судот и во наредниот период ќе прави напори да предметите бидат извршени .

Исто така судот неколку години работи без извршител кој замина во пензија а неговото место не беше потполнето нема теренско возило а извршувањето го работи извршниот судија кој исто така постапува и во други предмети а административно техничките работи ги извршува стручниот соработник .

## *- Платни налози –*

Во текот на 2007 година судот има примено за работа 142 предмети за платни налози и заедно со останатите 22 платни налози од претходната година вкупно во работа имал 164 платни налози кои што во текот на извештајната година ги решил сите 164 предмети и нема нерешени платни налози .

## МАТЕРИЈАЛНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СУДОТ

Во сверата на материјалното и финансиското работење на судот од секогаш во судот имало проблеми , а вакви проблеми имаше и во текот на 2007 година како што се неизмирени обврски и тоа за наплатени сметки на поштенски услуги према ЈП Македонски пошти , за неплатени електрична енергија према ЕСМ , за наплатени сметки за телефони , за награда за вештаци , поротници , бранители по службена должност како и посебно долгот према фирмата „Описком„ која го снадбува судот со потрошен

канцелариски материјал како делови и материјал за компјутери кој се провлекува повеќе години и ќе дојде во прашања снадбувањето на судот со основните потреби за работа како што се хартијата за компјутерите , делови за компјутерите, хартија за телефаксот .

Постојано со писмени дописи Македонски пошти , ЕСМ и Телеком не известуваат дека ќе престанат со пружање на нивните услуги до колку долгот не им биде намирен но сепак со крајни напори и со крајна економичност повремено ги сервисираме овие долгови и во 2007 година судот тековно работеше и немаше прекратување во работата како во делот на поштенските услоги така и во делот на телефонските телекомуникации како и снадбувањето со основните материјали за работа на судот .

## УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО СУДОТ

Основниот суд во Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на суд во која секој судија има своја канцеларија , опрема со компјутер кој што компјутери се веќе од постара технологија и има проблеми со нивното функционирање, има две судски сали во кои се одржуват судењата и во истите има компјутери исто така од постара технологија и самите не се доволно опремени за нормално одвивање на судењата.

За одделениата кои функционират во рамките на судот има посебни простории меѓу тоа истите немат компјутери , нема ниту инсталирано мрежа како би можело да се поврзат компјутериите и мрежно да функционират иако во повеќе наврати доаѓаат стручни лица од Министерството за правда кои само ја констатираат состојбата дека нема мрежно поврзување во судската зграда на Основен суд Кратово кои ги забележуваа состојбите меѓу тоа до денеска овој проблем не е остранет , не е во функционална состојба и не може да се започне Системот на компјутерско примање на предметите .

За нормално функционирање треба да обезбедат уште 7 компјутери со штампачи да се постави целосно мрежата и истите поврзат а исто така се обезбедат уште 4 компјутери за замена на постоечките компјутери кај судиите кои поради долгото време на користење и нивниата истрошеност од работа во последно време се почесто се расипуваат .

За надминување на ваквите состојби молиме надлежните да се ангажират и ова состојба надмине , понатаму да се докомплетират судските сали со набавка на нови и доволен број на столици за седење на странките и сведоците бидејки се случува во повеќе случаеви поради немање на столици некој од странките или сведоците да стојат за цело време додека трае судењето кое нешто дава лоша слика и впечаток на неорганизиранот на судот и судството во целина .

Сериозен проблем во работењето на Основниот суд Кратово кој со години се провлекува е тоа што судот нема теренско возило кое е неопходно потребно за извршување на работите на судот за увид на лице место и извршување на терен бидејки конфигурацијата на Општината Кратово во најголем дел е планинска и тешко пристапна и без теренско возило тешко се завршуват работите бидејки со лесно возило не може да се отиде до лице место поради лошите терени и лошите патишта до селските населби , поради немање на вакво теренско возило судијата и записничарот се наоѓат во состојба да се превезуват со возила кои ги обезбедуват странките за кое нешто секогаш се најде да една од странките која е незадоволна од спорот приговара и се сомнева во пристрасноста на судијата поради што против судиите се поднесуваат разни поплаки и

преставки и за овој проблем секогаш е укажувано и во поранешните годишни извештаи и при посетите на Апелациониот суд и Врховниот суд а сега го истакнување и во овој извештај .

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ СУДОВИ И ОРГАНИ

Заради успешно извршување на судската фунција судот редовно соработува со други судови во Република Македонија укажувајки при тоа меѓусебна правна помош во поодлени предмети за удоволување на разни замолници и одговори со цел за побрзо поефикасно и поекономично работење на судовите .

Судот во своето работење редовно соработува со органот внатрешни работи ,обвинителството и другите државни органи како и повисоките органи надлежни за судството.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Судиите во Основниот суд Кратово согласно Законот за судовите и Деловникот имат право и обврска на стручно усовршување и тоа преку посета на стручни советување организирани од надлежни органи , добиват стручна литература,закони,билтени,судски ревии,информатори,начелни правни мислења од повисоките судови , Службен весник , списание Правник и друга стручна литература и на секој судија му е овозможено слободен пристап и располагање со ова литература .

Судиите по распоред редовно учествуваат на разни советувања , семинари , стручни состаноци и работилници на кои се обработуваат стручни теми од обласа на работењето на судовите а се заради стручно усовршување и едуцирање на судиите за нивно поквалитетно вклучување во спроведувањето на законите и обавувањето на судиската функција .

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Кратово во извештајната 2007 година во рамките на условите кој ги имаше за своето работење и функционирање и покрај проблемите со кој се сретнува а кои се наведени напред во извештајот а не се во надлежност на овој суд видно од приложените Табеларни прегледи како и од Сумарниот табеларен преглед и останатите поодлени табели се гледа работата на секој судија по обем и кавалитет , па сметам дека и покрај сите проблеми со залагање на сите судии се поститнати задоволнителни резултати па спрема овие постигнати резултати овој суд би требало да се брои во ажурните судови во Република Македонија , бидејки видно од сумарниот табеларен преглед се гледа дека е совладен приливот на вкупно примените и решени предмети , понатаму и во останатите области односно на примени - решени е совладан или сосема мал.

Ако се има во предвид нерешените предмети по области и нормите за решени предмети по судија произлегува дека по кривичните предмети по судија имаме заостаток на нерешени предмети за половина месец , во прекршочните предмети по судија има заостатнок на нерешени предмети за еден ипол месец , по граѓански предмети по судија имаме заостаток на работа за околу еден месец и сметаме дека во иднина со поголемо ангажирање на судиите по предметното работење секој поединечно и судот во целина

како и подобрување на материјално финансиските услови ќе се постигнат уште поголеми резултати .

Претседател на судот
Миле Стоименовски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО